# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ
# за работењето на
# ЈСП СКОПЈЕ
# за 2014 година

Скопје, Март 2015 година

# С О Д Р Ж И Н А


1. Општи податоци
2. Мисија
3. Визија
4. Цели на претпријатието
5. Политика на ризик
6. Политика на развој на претпријатието
7. Човечки ресурси
8. Општествено – економски амбиент во кој работеше Претпријатието во 2014 година
9. Дејност на претпријатието
10. Финансиски резултати
11. Показатели
12. Инвестиции
13. Планирани активност во 2015 година

# 1. ОПШТИ ПОДАТОЦИ

| | |
|---|---|
| Назив | Јавно Сообраќајно Претпријатие СКОПЈЕ |
| Скратен назив | ЈСП “ СКОПЈЕ “ |
| Правна форма | Јавно претпријатие |
| Статус | Јавно Сообраќајно Претпријатие со Одлука бр. 4593/1 од 05.12. 1989 год. донесена од Собрание на Град Скопје |
| Основано | Од Извршен Народен Одбор на Град Скопје со Решение број 18376 од 11.07.1947 година |
| Регистрирано | На 17.01.1948 година со назив Градско Автобуско Сообраќајно Претпријатие Скопје |
| Функционира | На територијата на Град Скопје со приградските населби |
| Седиште | Скопје |
| Адреса | Булевар “ Александар Македонски “ број 10 |
| Раководење | Управен одбор , Надзорен одбор , Директор |
| Избор на УО и НО | Совет на Град Скопје |
| Избор на директор | Градоначалник на Град Скопје |
| Делокруг на работа | Јавен градски и приградски превоз на патници |
| Финансирање | Приход од превоз на патници , субвенции од Градот , донации |
| Ден на ЈСП | 17-ти Јануари |
| Директор на ЈСП | Игор Јанушев |
| Управен одбор | |
| Претседател | Муса Јакуп |
| Членови | Аница Беќарска-Ѓорѓиевска<br>Анета Стевковска<br>Ѓошевски Влатко<br>Игор Трајковски<br>Розета Димитровска<br>Александра Димовска<br>Риза Јонузи<br>Ацо Петрушев<br>Новески Сашо<br>Кети Новак Костадиновска |
| Надзорен одбор | |
| Претседател | Ана Митревска |
| Членови | Весна Величковиќ<br>Севим Абаз<br>Даниела Трајчевска<br>Исни Сума |

## 1.1 Организациона структура

Дијаграм 1




## 2. МИСИЈА

*Мисија на ЈСП СКОПЈЕ е сигурно, стабилно и достапно во простор и време вршење на превозна услуга на целокупното локално население и на посетителите на градот Скопје и приградските населби под економски најповолни и еколошки прифатливи услови.*

## 3. ВИЗИЈА

*ЈСП СКОПЈЕ како високо организирана сообраќајно-техничка и економско-управна целина со широка општествена и корпоративна одговорност која ги обединува сите видови на јавен транспорт во Градот, во единствен, ефикасен, висококвалитетен и професионален јавен сервис насочен кон задоволување на потребите на граѓаните и напредокот на националната економија и општеството во целина.*

# 4. ЦЕЛИ НА ПРЕТПРИЈАТИЕТО

Јавното претпријатие своите напори и активности ги насочува кон остварување на следните цели:

- Одржување на возниот парк во континуирана функционална кондиција;
- Воведување на современи техничко-технолошко системи и средства во функција на подобрување на квалитетот и ефикасноста во извршувањето на јавниот превоз;
- Одржување и унапредување на квалитетот и ефикасноста на транспортните услуги;
- Зголемување на обемот и учеството на превозните услуги на ЈСП во вкупниот јавен превоз;
- Зголемување на степенот и квалитетот на информираност на корисниците ;
- Подобрување на вкупните односи со јавноста и подигање на имиџот на претпријатието;
- Обезбедување на финансиска стабилност на претпријатието;
- Реализација на Програмата за работа во согласност со инвестиционите програми;
- Натамошно интензивирање на напорите за постигнување на внатрешни заштеди и рационализации во рамки на системот на сите нивоа ( возила, погонска енергија, масла, мазива, резервни делови, други трошоци );
- Имплементација на меѓународните стандарди за квалитет;
- Подобрување на општите услови за функционирање во дејноста преку заокружување на правната регулатива и нејзино усогласување со регулативата на Европската заедница ( детерминирање и обезбедување на еднакви права и обврски за сите учесници во јавниот превоз );
- Уредување на јавниот сообраќај преку воведување на единствен модел на јавен превоз за ЈСП и приватните превозници;
- Примена на еколошки стандарди и унапредување на заштитата на животната средина;
- Подобрување на позицијата на Претпријатието и зголемување на угледот во меѓународните организации (UITP).

# 5. ПОЛИТИКА НА РИЗИК

Ризикот во ЈСП претставува закана дека некој настан или активност може да се претвори во негативен ефект кој ќе ја намали способноста на ЈСП Скопје успешно да ги извршува своите надлежности, задачи и обврски во јавниот градски и приградски превоз. Ризикот во работењето на ЈСП Скопје претставува веројатност дека одредена активност или настан, директно или индиректно негативно ќе се рефлектира врз успешноста во работењето на претпријатието, непреченото извршување на јавниот транспорт, намалување на приходите и зголемување на расходите. Ризиците неможе целосно да се отстранат поради тоа е потребно да се менаџира со нив со цел да се отстранат или да се намалат негативните ефекти колку што е можно повеќе. Ризиците во ЈСП СКОПЈЕ може да ги класифицираме како:

1. **Стратегиски ризици:** политички; економски (на национално ниво, општинско и на ниво на Град Скопје); правни (на национално ниво, општинско и на ниво на Град Скопје); економски ризици; технолошки ризици, социјални ризици и ризици на опкружувањето;
2. **Оперативни ризици:**
   - **Организациски** (нецелосно приспособена организациска структура на претпријатието во однос на услугите што ги нуди);
   - **Кадровски** (неприспособена систематизација на работите и работните задачи кон новонастанатите состојби, потреби и надлежности; недоволно стручни или неадекватно стручни вработени лица во одделни сектори или области на дејствување);
   - **Правни** (ненавремена дистрибуција на новите или на изменетите законски решенија и информации; присуство на асиметричност во информациите; задоцнета или никаква реакција во врска со важноста на определени воочени законски решенија; немање пишани процедури за движење на документацијата во рамки на претпријатието; без пишани правила за архивирање на материјалите; неажурирани регистри);
   - **Финансиски** (нецелосно применување на прописите за сметководствено-материјално работење; без пишани процедури за движење на сметководствената документација; без физичка заштита на сметководствената документација; незаштитени документи итн.);
   - **Ризици на координација** *(*не споделување на информациите, доцнење на информации, доцнење на одредени активности)

***<u>СВОТ АНАЛИЗА на ризичната изложеност на ЈСП СКОПЈЕ</u>***

За изработка на квалитетна Стратегија за управување со ризици на ЈСП Скопје неопходно е добро оценување и анализирање на состојбата во јавното претпријатие од аспект на изложеност на ризик и целите што раководните органи сакаат да ги реализираат со оваа Стратегија, а поврзано со организациската поставеност и кадровска екипираност.

| **Внатрешни фактори** | |
|---|---|
| **Јаки страни** | **Слаби страни** |
| – Техничко- технолошка, економска и управна целина со традиција, искуство и континуитет во организирање и одржување на дејноста ;<br>– Добро организирани две автобази со соодветен простор за паркирање, квалитетно и професионално | - Застарени ремонтно сервисни објекти, опрема и технологија ;<br>- Слаба финансиска моќ поради непрофитабилноста на дејноста и недоволното субвенционирање на тековното работење ; |

| | |
|---|---|
| сервисирање на возилата и широка продажна мрежа ;<br>- Висококвалификуван и стручен кадар ;<br>- Развиена деловна соработка и размена на искуства со претпријатија за јавен превоз во регионот и пошироко ;<br>- Соработка со корисниците на услугите преку официјална веб страница и бесплатната телефонска линија воспоставена за таа намена ;<br>- Член на Меѓународната асоцијација на превозници за јавен транспорт – УИТП. | |
| **Надворешни фактори** | |
| **Можности** | **Закани** |
| - Зголемување на сообраќајот во градот и потреба за супституција на индивидуалниот превоз со јавен ;<br>- Недостиг од паркинг простор ;<br>- Потреба од проширување на мрежата на линии на градското и приградското подрачје согласно барањето на корисниците на услугите ;<br>- Воведување на Систем за безготовинска наплата Смарт Тикетинг и Автоматска локација на возилата ;<br>- Обезбедување на сообраќајна лента со апсолутен приоритет на возилата на ЈГППП;<br>- Утврдување на единствен тарифен систем и систем за наплата за сите превозници ;<br>- Воведување на Договор за обезбедување на јавни услуги ; | - Глобална економска криза / нестабилна економска состојба во земјата и регионот ;<br>- Нелојална конкуренција и сива економија во дејноста ;<br>- Порастот на цените на енергенсите, особено на нафтата и нејзините деривати ;<br>- Нецелосно заокружена законска регулатива и недоследна примена на одредбите содржани во Одлуката за условите за вршење на ЈГППП. |

Ризиците што се присутни во работењето на ЈСП имаат различен временски хоризонт на појавување и различна манифестација во нивните квантитет и опасност за вкупното работење на претпријатието. За полесно справување и делување против ризиците, истите се класификуваат во три степени на ризичност: висок, среден и низок. Според тоа, предмет на делување/превенција ќе преставуваат ризиците кои во соодветните процеси се измерени како високи односно средни ризици.

Најголеми ризици за успешното остварување на поставените цели на ЈСП се:

1. Навремено добивање на субвенциите од Град Скопје и во соодветен износ;
2. Намалување на приходите како резултат на изградба и пуштање во употреба на трамвај во Град Скопје, кој ќе биде управуван од приватно правно лице;
3. Законски прописи кои недозволуваат контролорите да вршат наплата и/или да ги казнуваат патниците кои што немаат соодветен билет.

## ***Мерки за намалување на ризиците во ЈСП СКОПЈЕ***

За управување со ризиците се превземаат соодветни мерки за намалување на последиците од појавата на идентификуваните ризици, со временски рок за нивно спроведување.

Планираните системски активности можат да се лоцираат на следните полиња:

- Лобирање кај Град Скопје и Владата на РМ за зачувување на пазарната позиција на ЈСП СКОПЈЕ;
- Изработка на детални студии за потребата од поголеми субвенции и бенефитите од истите;
- Корегирање на организациска структура и систематизацијата на работните места во ЈСП;
- Јасно и прецизно дефинирање на поделени надлежности и одговорности на надзорниот одбор, управниот одбор, директорот, раководителите на секторите, другите раководни лица и на сите останати вработени во претпријатието од аспект на заштита и управување со ризиците;
- Креирање пишани процедури за преземање соодветни мерки и активности за управување со ризиците во сите области од работењето на претпријатието, кои во оваа стратегија се детектирани како чувствителни точки што се изложени на ризик;
- Воспоставување подобар информациски систем, со зголемување на неговата транспарентност и вертикална и хоризонтална насоченост во двата правци (нагоре-надолу, напред-назад и обратно);
- Унапредување на системот на координација и комуникација во и меѓу организационите единици;
- Кадровско доекипирање и Програма за напредување во кариерата;
- Воспоставување на квалитетен систем на внатрешна финансиска контрола,(ex ante и ex post);
- Воспоставување на систем на управување со готовински приливи/одливи;
- Навремено известување на патниците за отстапвањето, преку користење на сите можни средства (веб страна, продажни места, автобуски постојки и самите автобуси);
- Зголемена контрола на квалитетот на завршенаа работа и тестирање на истото;
- Зголемен обем на контрола кај патниците за поседување на соодветен билет;
- Зголемена контрола на трошоењето на средства од ЈСП;
- Одредување на цените врз база на информации од истражувањата и идните проекции;
- Воведување во продажба на дневни, викенд билети итн.;
- Преговарање со осигурителнтие куќи да ги преземат обврските за обезштетување на патниците при повреди;
- Секојдневна промена на маршутите на движење при транспорт на пари, и промена на инкасаторите;
- Подобрување на процесот на планирање на јавните набавки;
- Редовно збогатување на знаењето на врабтените за најновите достигнување во ИТ секторот.

## ***Препораки за ефикасно управување со ризиците во ЈСП СКОПЈЕ***

Во функција на управување и заштита од појавата на ризиците или намалување на нивното штетно дејство, ЈСП СКОПЈЕ пристапи кон изработка на оваа стратегија и нејзина практично применување во секојдневното работење. Според тоа, Стратегијата ќе претставува оперативен систем за управување со идентификуваните и потенцијални ризици кои што би се појавиле во тековното работење на јавното претпријатие. Управувањето со ризиците ќе биде организиран на ниво на претпријатие и на ниво на одделни организациски делови во самото претпријатие.

Следењето и контролата на ризиците во ЈСП ќе биде од страна на посебно работно тело или Комитет за ризици, кое во соработка со внатрешната ревизија на претпријатието ќе известуваат за интензитетот на постојните и потенцијалот за појава на нови ризици и ефикасноста на мерките за справување со истите. Овој Комитет за сите случување редовно ќе ги известува Директорот и Управниот одбор.

Поконкретно, управувањето со ризиците во ЈСП ќе се реализира преку:

- Имплементација на јасни процеси на управување со ризиците кои се пренесени до сите вработените во претпријатието;
- Дефинирање на улогите и одговорностите на раководството и вработените во претпријатието за управување со ризиците;
- Формирање на работна група/комитет за управување со ризици која ќе одржува состаноци;
- Креирање акционен план за вградување на управувањето со ризици во активностите што се имплементираат за постигнување на зацртаните цели;
- Организирање обуки за управување со ризици за сите вработените во ЈСП;
- Редовно ажурирање на регистарот за заеднички и работни ризици и одредување на одговорните за секој ризик;
- Вклучување на ризикот во сите активности/процеси на ЈСП;
- Детална анализа на ризиците што се присутни во партнерското работење со други организации;

За имплементација на Стратегијата за управување со ризици во ЈСП во наредниот период потребно е:

- Утврдување политика за управување со ризици. Потребно е ЈСП да изгради сопствена политика за управување со ризиците во нејзиното работење. Политика треба да ја обезбеди поддршката од раководството и да ги дефинира улогите и одговорности на сите вработени во претпријатието за идентификување и управување со ризиците во работењето.
- Политиката на управување со ризици треба да ги содржи:
  - целите на политиката;
  - видот и обемот на потребни документи за управување со ризиците;
  - план на следење и контрола на реализацијата на активностите за управување со ризиците во ЈСП;
  - изработка на редовни извештаи за појавените ризици, преземените мерки и постигнатите ефекти.
- Управувањето со ризиците е одговорност на сите вработени во претпријатието но воспоставувањето и развојот на културата на управување со ризиците во претпријатието е одговорност на Директорот на ЈСП и останатите раководители. Во таа насока, најсилен придонес може да има:
  - Воспоставвување на Одделението за внатрешна ревизија во управувањето со ризиците во ЈСП ;
  - Воспоставување на Комитет за управување со ризиците со задача да ги поттикне и поддржи останати вработени да ги спроведуваат насоките за управување со ризици за остварување на целите на Стратегијата, а со тоа и подобрување на перформансите од работење на ЈСП.
- Превенцијата е многу важна во управувањето со ризиците, навременото детектирање на ризиците во голема мера ја намалува штетата од појавата на истите или пак воопшто не настанува штети. За таа цел потребно е да се развие и одржува систем за рано предупредување и заштита од појава на ризици.
- За следење на извршувањето на задачите околу управувањето со ризици и лоцирање на одговорноста, потребно е секое лице кое непосредно е одговорно за управување со соодветен ризик периодично (месечно, тримесечно, шестмесечно, годишно) да изготвува преглед (рамка) за управувањето, односно за следењето на тој ризик.

Системот на управување со ризици во ЈСП има за цел да ги идентификува потенцијалните ризици и да предвиди мерки со кои бе се ублажиле негативните ефекти од појавата на ризиците. На тој начин во голем мера ќе се подобрат перформансите на ЈСП.

# 6. ПОЛИТИКА ЗА РАЗВОЈ НА ПРЕТПРИЈАТИЕТО

Развојната политика на Претпријатието е дефинирана и следена од страна на Управниот Одбор на ЈСП СКОПЈЕ преку донесување на Годишна програма за работа и Инвестициона програма. Со Одлука на Управниот Одбор бр. 02-21347/6 од 29.12.2014 година донесени се Годишната програма за работа и Инвестиционата програма на ЈСП СКОПЈЕ за 2015 година.

Програмата за работа го утврдува обемот и квалитетот на превозот и Финансиски план и содржи:

- Програма на физички обем на превозни услуги за 2015 година, утврден според Возниот ред донесен од Град Скопје, во делот за ЈСП, согласно Одлуката за вршење јавен градски и меѓуопштински ( приградски ) превоз на патници;
- Финансиски план на ЈСП СКОПЈЕ за 2015 година.

Програмата на физички обем на превозни услуги за 2015 година ја изработуваат стручните служби за сообраќај на ЈСП и во неа се утврдуваат потребните капацитети за одржување на мрежата на градски и приградски линии, како и од нив изведени параметри.

Финансискиот план на ЈСП СКОПЈЕ за 2015 година е проектиран во услови на бавен економски раст на глобалните економски активности и проценета ниска стапка на инфлација, како и проекција во услови на благ пораст на БДП во земјата, благ пораст на цените на производите и зголемена лична потрошувачка.

Во услови на нелојална конкуренција и глобална економска состојба на ограничени услови на работење на економиите во земјите од ЕУ, а кои имаат последици по севкупното работење и во нашата економија, преставува вистински проблем предвидувањето за побарувачката на корисниците на превозот.

Финансискиот план за 2015 година е базиран на:

1. Фактичката состојбата на остварувањата во 2013 година и во периодот Јануари – Септември 2014 година,
2. Реалните очекувања, проекции и можности на капацитетите,
   - Зголемувањето на ефикасноста на сопствените ресурси,
   - Зголемување на обемот и учеството на превозните услуги во вкупниот јавен превоз,
   - Одржување на возниот парк во континуирана функционална кондиција.
3. Политиката за управување со ризик.

При ваква политика проектирано е за деловната 2015 година ЈСП да оствари раст на вкупните приходи од 2,3% и вкупните трошоци од 3,3%. Планираните вкупните расходи се во директна корелација со планираните вкупни приходи, при тоа се водеше сметка и за рационализација на трошоците онаму каде за тоа постои реална можност, а без последици на квалитетот на превозната услуга.

**ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТ – БИЛАНС НА УСПЕХ**

Таб.1

| Р. бр. | Е л е м е н т и | План 2015 |
|---|---|---|
| I | **Вкупен приход** | **2.017.767.000** |
| II | **Вкупни расходи** | **2.017.700.000** |
| III | **Бруто добивка ( I - II )** | **67.000** |
| IV | **Загуба ( II - I )** | |

# 7. ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ

Со состојба на 31.12.2014 година вкупниот број на вработени во ЈСП СКОПЈЕ изнесува 1.331 што е за 42 вработени или за 3,3% повеќе во споредба со минатата година ( 1.289 вработени ).

Во текот на годината Претпријатието го напуштиле 54 вработени, од кои 41 по основ на пензионирање, додека се вработени 90 работници.

Таб.2

| | |
|---|---|
| Вработени | 1.331 ( со состојба на 31.12.2014 година ) |
| Пол | Жени -------------------------------------- 199 ( 15% ) |
| | Мажи ------------------------------------1.132 ( 85%) |
| Образование | ВСС ---------------------------------------- 80 ( 6,0%) |
| | ВС ------------------------------------------ 44 ( 3,3%) |
| | ССС -------------------------------------- 397 ( 29,8%) |
| | НСС ----------------------------------------- 60 ( 4,5%) |
| | ВКВ --------------------------------------- 750 ( 56,4 %) |
| Работен стаж | од 0 до 5 год.----------------------------- 110 ( 8,3%) |
| | од 6 до 10 год.---------------------------- 139 ( 10,4%) |
| | од 11 до 15 год.------------------------- 85 ( 6,4%) |
| | од 16 до 20 год.---------------------------128 ( 9,6%) |
| | од 21 до 25 год.------------------------- 73 ( 5,5%) |
| | од 26 до 30 год.------------------------- 323 ( 24,3%) |
| | од 31 до 35 год.------------------------- 296 ( 22,2%) |
| | над 35 год.--------------------------------- 177 ( 13,3%) |

## 7.1 Квалификациона структурата

**БРОЈ НА ВРАБОТЕНИ ПО КВАЛИФИКАЦИИ**

Таб.3

| Ред. бр. | Квалификација | 31.12.2013 | Стр.% | 31.12.2014 | Стр.% | Индекс |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | В С С | 75 | 5,8 | 80 | 6,0 | 106,7 |
| 2. | В С | 45 | 3,5 | 44 | 3,3 | 97,8 |
| 3. | С С С | 398 | 30,9 | 397 | 29,8 | 99,7 |
| 4. | Н С С | 35 | 2,7 | 60 | 4,5 | 171,4 |
| 5. | В К В | 736 | 57,1 | 750 | 56,4 | 101,9 |
| | **В к у п н о** | **1.289** | **100,0** | **1.331** | **100,0** | **103,3** |

Учеството на вработени во квалификационата структура ( според вид и степен на стручна наобразба, пол и др.) произлегува од специфичниот трудоинтезивен карактер на дејноста која претпријатието ја обавува. Отаму и најголем број од вработени се ангажирани во превозните и ремонтно-сервисните услуги, при што најбројни се ВКВ-вработени со учество од 56,4% и ССС-вработени со 29,8%. Остатокот од 13,8% отпаѓаат на ВСС-вработени со учество од 6%, ВС-вработени со 3,3,% и НСС-вработени со 4,5%.

# 8. ОПШТЕСТВЕНО-ЕКОНОМСКИ АМБИЕНТ ВО КОЈ РАБОТЕШЕ ПРЕТПРИЈАТИЕТО ВО 2014 ГОДИНА

Во текот на деловната 2014 година претпријатието работеше во услови слични на претходита година.

Врз работењето на претпријатието значајно влијание имаат и долгогодишните проблеми во јавниот превоз на патници.

- Делувањето на нелојалната конкуренција и сивата економија во дејноста.
- Нецелосно заокружена законска регулатива и недоследна примена на одредбите од Одлуката за условите за вршење ЈГППП.
- Специфичноста на дејноста која по својата природа е непрофитабилна. Приходот остварен од превоз на патници во дејноста е директно зависен од висината на цената на превозот која е социјална, а не пазарна и е недоволен за покривање на тековните трошоци на работењето, кои се директно зависни од висината на пазарните цени на материјалите и услугите ( гориво, резервни делови, плати за вработените итн.).

Во 2014 год. ЈСП СКОПЈЕ оствари позитивен финансиски резултат- добивка од работење во износ од 8,3 милиони денари. Без приход од субвенции и донации, дел од пресметаната амортизација за донирани основни средства, како и без дел од вкалкулираните трошоци за донирана нафта, ЈСП би остварило загуба од 138,4 милиони денари.

Во делот на финансиското работење остварени се следниве резултати:

- Пораст на приходот од превоз на патници во линискиот превоз за 0,9%;
- За 2014 година добиени се субвенции за покривање на потешкотиите во работењето, субвенции за бесплатен превоз на возрасни лица и за автобуски постојки;
- Намалување на приходите од донации за 7,2%:
- Зголемување на останатите приходи за 8,7%;
- Намалување на вкупните расходи за 1,9%.

ЈСП оствари значајни подобрувања во делот на превозните капацитети и физичкиот обем на услуги резултат на целосна ангажираност на ресурсите во сите сегменти од работење на претпријатието. Порастот на обемот и квалитетот на транспортната услуга, зголемувањето на ефикасноста и сигурноста во превозот на патници, намалувањето на емисијата на штетни издувни гасови се резултат на вложените напори на вработените и максималната искористеност на техничките капацитети пред се на новонабавените автобуси.

Работењето во делот на физичкиот обем на превозни услуги може да се илустрира преку следниве показатели:

- Зголемен број на возила во работа (просечно дневно) за 1,4%;
- Пораст на бројот на возила во работни денови (просечно дневно) за 0,4%;
- Зголемен е коефициентот на техничка исправност за 5,6%;
- Зголемен е коефициентот на искористеност на техничката исправност за 2,6%;
- Пораст на коефициентот на искористеност на вкупниот возен парк за 8,5%;
- Зголемување на бројот на поминати километри за 1,4%;
- Зголемување на бројот на часови во сообраќај на возилата за 1,7%;
- Зголемување на бројот на превезени патници за 1%.

# 9. ДЕЈНОСТ НА ПРЕТПРИЈАТИЕТО

## *9.1 Превозни капацитети*

**СОСТОЈБА НА ИНВЕНТАРНИТЕ ВОЗИЛА НА 31.12.2014**
**( СПОРЕД ДАТА НА ПРВА РЕГИСТРАЦИЈА )**

Таб.4

| Р.бр. | Тип на автобус | Соло автобуси | Зглобни автобуси | Вкупно автобуси | Стр. во % | Просечна стар. во години |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Санос | 77 | 23 | 100 | 23,2 | 22,05 |
| 2. | Лејланд | 3 | | 3 | 0,7 | 27,63 |
| 3. | Икарус | 9 | | 9 | 2,1 | 26,28 |
| 4. | Лаз | 79 | | 79 | 18,3 | 3,55 |
| 5. | Јутонг | 216 | | 216 | 50,1 | 2,69 |
| 6. | Минибус ( Застава, Јутонг) | 24 | | 24 | 5,6 | 6,27 |
| **7.** | **Вкупно ( 1 - 6 )** | **408** | **23** | **431** | **100,0** | **8,20** |
| | **Учество %** | **94,7** | **5,3** | **100,0** | | |
| | Р.Е.Автокоманда | 203 | 9 | 212 | 49,2 | 7,42 |
| | Р.Е.Ѓорче Петров | 205 | 14 | 219 | 50,8 | 8,97 |
| 8. | Туристички автобуси | 2 | | 2 | | 19,95 |
| | **Вкупно автобуси ( 7 + 8 )** | **410** | **23** | **433** | | **8,26** |

### Еколошки стандард

| Еколошки стандард | |
|---|---|
| EURO 5 еколош. стандард | 216 автобуси ( Јутонг ) |
| EURO 4 еколош. стандард | 79 автобуси ( Лаз ) |
| EURO 2 еколош. стандард | 16 автобуси со мотор на комбинирано гориво ( природен гас / нафта ) |
| EURO 4 еколош. стандард | 16 минибуси ( Јутонг ) |
| EURO 2 еколош. стандард | 8 минибуси ( Застава ) |
| EURO 2 еколош. стандард | 2 туристички автобуси |

Со одлука на УО на ЈСП во Февруари 2014 год. се расходувани вкупно 8 автобуси и истите се отуѓени во делови, со што се избришани од евиденција. Неоштетените делови ( стакла, лајсни, столици, механички делови, непотполни агрегати – мотори, менувачи, диференцијали, ситна галантерија, електро делови и друго ) од расходованите автобуси се демонтираат и ќе се искористат за тековно одржување на останатите возила.

**БРОЈ НА АВТОБУСИ ПО ГОДИНИ СТАРОСТ**
**( СПОРЕД ДАТА НА ПРВА РЕГИСТРАЦИЈА )**

Таб.5

| Години на старост | Соло | Стр. % | Зглобни | Стр. % | Вкупно автобуси | Стр. % |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 0 - 5 години | 312 | 76,5 | | | 312 | 72,4 |
| 6 - 10 години | 0 | 0,0 | | | 0 | 0,0 |
| 11 - 15 години | 10 | 2,5 | | | 10 | 2,3 |
| 16 - 20 години | 36 | 8,8 | 3 | 13,0 | 39 | 9,0 |
| 21 - 25 години | 24 | 5,9 | 14 | 60,9 | 38 | 8,8 |
| 26 - 30 години | 10 | 2,5 | 6 | 26,1 | 16 | 3,7 |
| 31 - 35 години | 15 | 3,7 | | | 15 | 3,5 |
| 36 - 40 години | 1 | 0,2 | | | 1 | 0,2 |
| **Вкупно** | **408** | **100,0** | **23** | **100,0** | **431** | **100,0** |

Граф.1




Граф.2




Граф.3



Граф.4




## 9.2 Физички обем на услуги

**ОСТВАРЕН ФИЗИЧКИ ОБЕМ НА УСЛУГИ**
**( ЛИНИСКИ ПРЕВОЗ )**

Таб.6

| Ред. бр. | Е Л Е М Е Н Т И | 2013 | 2014 | Индекс |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Инвентарна состојба на автобусите (31.12.) | 439 | 431 | 98,2 |
| 2 | Инвентар. сост. на автоб.-просечно дневно | 467 | 432 | 92,5 |
| 3 | Просеч. днев. исправни автобуси | 334 | 329 | 98,5 |
| 4 | Просеч. днев. исправни автоб. во раб. денови | 334 | 325 | 97,3 |
| 5 | Просеч. днев. автоб. во работа | 209 | 212 | 101,4 |
| 6 | Просеч. днев. автоб. во работа во раб. денови | 253 | 254 | 100,4 |
| 7 | Просечно дневно автобуси во резерва | 81 | 71 | 87,7 |
| 8 | Коефициент на техничка исправност | 0,72 | 0,76 | 105,6 |
| 9 | Коефиц. на искористеност на тех. исправн. | 0,76 | 0,78 | 102,6 |
| 10 | Коефиц. на искорист. на вкуп. возен парк | 0,54 | 0,59 | 108,5 |
| 11 | Просечна старост на автобусите (31.03.) | 7,44 | 8,2 | 110,2 |
| 12 | Поминати километри - вкупно | 18.181.483 | 18.428.491 | 101,4 |
| 13 | Поминати километри на градски линии | 10.881.556 | 10.972.881 | 100,8 |
| 14 | Поминати километри на приградски линии | 6.272.245 | 6.396.106 | 102,0 |
| 15 | Поминати километри на договорен превоз | 1.027.682 | 1.059.504 | 103,1 |
| 16 | Поминати км. за возила со мотор на нафта | 17.679.732 | 18.013.994 | 101,9 |
| 17 | Поминати км. за воз. со мот. на комбин.гор. (нафта/прир. гас) | 501.751 | 414.497 | 82,6 |
| 18 | Потрошено нафта-вкупно ( литри ) | 7.171.257 | 7.326.771 | 102,2 |
| | -месечно | 597.605 | 610.564 | 102,2 |
| | -дневно | 19.647 | 20.073 | 102,2 |
| 19 | Потрошено нафта - вкупно на 100 км. | 39,44 | 39,76 | 100,8 |
| 20 | Потрошено нафта за возила со мотор на нафта ( литри ) | 7.000.781 | 7.190.733 | 102,7 |
| 21 | Потрошено нафта на 100 км. за воз.со мот.на нафта ( литри ) | 39,60 | 39,92 | 100,8 |
| 22 | Потрошено гориво за 30 автобуси со мот. на комбин.гориво | | | |
| | -природен гас ( нм3 ) | 53.922 | 46.408 | 86,1 |
| | -нафта ( литри ) | 170.476 | 136.038 | 79,8 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 23 | Потрошено гориво на 100 км. за автобуси на комбинано гор. | | | |
| | -природен гас ( нм3 ) | 10,75 | 11,20 | 104,2 |
| | -нафта ( литри ) | 33,98 | 32,82 | 96,6 |
| 24 | Остварени часови во сообраќај | 925.245 | 941.162 | 101,7 |
| 25 | Остварена комерцијална брзина | 19,65 | 19,58 | 99,6 |
| 26 | Просечно поминати км. по возило во работа | 86.993 | 86.927 | 99,9 |
| | -месечно | 7.249 | 7.244 | 99,9 |
| | -дневно | 238 | 238 | 100,1 |
| 27 | Просечно поминати км. по вработен | 13.900 | 13.681 | 98,4 |
| | -месечно | 1.158 | 1.140 | 98,5 |
| | -дневно | 38,1 | 37,5 | 98,4 |
| 28 | Просечно поминати км. по возач | 31.240 | 31.556 | 101,0 |
| | -месечно | 2.603 | 2.630 | 101,0 |
| | -дневно | 85,59 | 86,45 | 101,0 |
| 29 | Број на полуобрти во сообраќајот | | | |
| | - број на планирани полуобрти | 1.189.007 | 1.230.955 | 103,5 |
| | - број на остварени полуобрти | 1.187.982 | 1.229.932 | 103,5 |
| | - процент на остварување | 99,91 | 99,92 | 100,0 |
| 30 | Превезени патници | 52.468.971 | 52.990.214 | 101,0 |
| 31 | Превезени патници Жичница Милениумски Крст | 294.589 | 308.872 | 104,8 |
| 32 | Остварени места километри ( во 000 ) | 1.603.670 | 1.597.199 | 99,6 |
| 33 | Места километри по патник ( квалитет ) | 30,56 | 30,14 | 98,6 |
| 34 | Места километри по вработен ( продуктивност ) | 1.226.048 | 1.185.746 | 96,7 |
| 35 | Места километри по возач | 2.755.447 | 2.734.930 | 99,3 |
| 36 | Превезени патници на поминати км. | 2,89 | 2,88 | 99,7 |

Во 2014 година во линиски превоз се поминати вкупно 18.428.000 км., што е за 1,4% повеќе во споредба со минатата година. Зголемувањето на бројот на поминати км. е резултат на зголемениот број на поминати км на:

1) Градски линии за 0,8% или 91.000 км.
2) Приградски линии за 2% или за 124.000 км.
3) Договорен превоз за 3,1% или за 32.000 км.

| Р. бр. | Линија бр. | Релација | Должина на релација | Забелешка |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 118 | Тран. Центар - Визбегово (Индустриска зона ) | 10,00 | Од 20.01.2014 год. зголемени км - вклучена нова линија |
| 2 | 61 | Тран. Центар - Побожје | 17,30 | Од 07.04.2014 зголемени км - вклучена двократна служба Од 11.04.2014 во Петок , Сабота и Недела - продолжена линија ( до викендиците ). |
| 3 | 69 | Тран. Центар -Дивље | 36,00 | Од 11.04.2014 зголемени км - вклучена сезонска линија |
| 4 | 58 | Тран. Центар -Јаболца, Нова Брезница | 36,00 | Од 11.04.2014 во Петок , Сабота и Недела - продолжена линија |
| 5 | 62 | Тран. Центар -Огњанци | 22,60 | Од 25..04.2014 зголемени км - вклучена тросменска служба |
| 6 | 65 | Тран. Центар -Раштак | 17,90 | Од 09.07.2014 зголемени км - додадена една смена |

Зголемувањето на бројот на превезени патници за 1,0% или за 548.000 патници е резултат на зголемениот број на патници со претплатни билети за 333.000 патници или за 1% и со билети за поништување за 191.000 патници или за 1,1%.

**ПРЕГЛЕД НА ОСТВАРЕНИОТ И ПЛАНИРАНИОТ ФИЗИЧКИ ОБЕМ НА УСЛУГИ И ПРЕВОЗНИ КАПАЦИТЕТИ**

Таб.7

| Ред. бр. | Ј С П С К О П Ј Е | План 2014 | Остварено 2014 | Остварување на планот - индекс |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Инвентарна состојба на автобуси на 31.12. | 440 | 431 | 98,0 |
| 2 | Просечен број на инвентарни автобуси | 440 | 432 | 98,2 |
| 3 | Просечно дневно исправни автобуси во работни денови | 370 | 325 | 87,8 |
| 4 | Просечно дневно автобуси во работа во работни денови | 290 | 254 | 87,6 |
| 5 | Коефициент на техничка исправност на возилата | 0,66 | 0,76 | 115,2 |
| 6 | Коефициент на искористеност на техничка исправност | 0,78 | 0,78 | 100,0 |
| 7 | Просечна старост на автобусите | 8,44 | 8,20 | 97,2 |
| 8 | Изминати километри вкупно | 18.734.000 | 18.428.000 | 98,4 |
| 9 | Потрошено гориво - нафта во литри | 7.342.000 | 7.326.000 | 99,8 |
| 10 | Потрошено гориво - природен гас во НМ3 | 58.355 | 46.408 | 79,5 |
| 11 | Остварени часови во сообраќај | 948.538 | 941.162 | 99,2 |
| 12 | Остварена комерцијална брзина ( км / час ) | 19,75 | 19,58 | 99,1 |
| 13 | Превезени патници - линиски превоз | 53.956.000 | 52.990.000 | 98,2 |
| 14 | Превезени патници - жичница | 293.000 | 309.000 | 105,5 |
| 15 | Места километри ( во илјади ) | 1.640.113 | 1.597.199 | 97,4 |
| 16 | Места километри по патник ( квалитет ) | 30,40 | 30,14 | 99,1 |
| 17 | Превезени патници на изминат километар | 2,88 | 2,88 | 100,0 |

**ПРЕВЕЗЕНИ ПАТНИЦИ И ПОМИНАТИ КИЛОМЕТРИ ПО МЕСЕЦИ**

Таб.8

| Месец | Превезени патници | | Индекс | Поминати километри | | Индекс |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | 2013 | 2014 | | 2013 | 2014 | |
| I | 2.903.000 | 2.963.000 | 102,1 | 1.468.000 | 1.488.000 | 101,4 |
| II | 4.852.000 | 4.996.000 | 103,0 | 1.456.000 | 1.491.000 | 102,4 |
| III | 5.047.000 | 5.185.000 | 102,7 | 1.589.000 | 1.610.000 | 101,3 |
| IV | 5.068.000 | 5.052.000 | 99,7 | 1.617.000 | 1.558.000 | 96,4 |
| V | 4.708.000 | 5.001.000 | 106,2 | 1.521.000 | 1.631.000 | 107,2 |
| VI | 4.401.000 | 4.523.000 | 102,8 | 1.422.000 | 1.463.000 | 102,9 |
| VII | 2.670.000 | 2.619.000 | 98,1 | 1.441.000 | 1.421.000 | 98,6 |
| VIII | 2.507.000 | 2.549.000 | 101,7 | 1.345.000 | 1.347.000 | 100,1 |
| IX | 4.702.000 | 4.619.000 | 98,2 | 1.553.000 | 1.585.000 | 102,1 |
| X | 5.227.000 | 5.207.000 | 99,6 | 1.617.000 | 1.655.000 | 102,4 |
| XI | 5.194.000 | 5.081.000 | 97,8 | 1.560.000 | 1.570.000 | 100,6 |
| XII | 5.190.000 | 5.195.000 | 100,1 | 1.592.000 | 1.609.000 | 101,1 |
| **I-XII** | **52.469.000** | **52.990.000** | **101,0** | **18.181.000** | **18.428.000** | **101,4** |

Граф.5




Граф.6




Граф.7



## 9.3 Структура на превезени патници

### СТРУКТУРА НА ПРЕВЕЗЕНИ ПАТНИЦИ ПО ГОДИНИ

Таб.9

| Р. бр. | Е Л Е М Е Н Т И | 2012 | 2013 | 2014 | Стр.% | Индекс 2014/2013 | + / - |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **1.** | **Патници со билети за поништување** | **17.548.000** | **17.369.000** | **17.560.000** | **33,2** | **101,1** | **+191.000** |
| | - Патници со билети за поништување на градски линии | 15.627.000 | 15.419.000 | 15.498.000 | 29,3 | 100,5 | +79.000 |
| | - Патници со билети за поништување на приградски линии | 1.921.000 | 1.950.000 | 2.062.000 | 3,9 | 105,7 | +112.000 |
| **2.** | **Патници со претплатни билети** | **34.556.000** | **34.959.000** | **35.292.000** | **66,6** | **101,0** | **+333.000** |
| | - Ученички, студентски | 21.184.000 | 21.370.000 | 21.372.000 | 40,3 | 100,0 | +2.000 |
| | - Билети за возрасни | 200.000 | 214.000 | 197.000 | 0,4 | 92,1 | -17.000 |
| | - Пензионерски | 1.575.000 | 1.269.000 | 1.089.000 | 2,1 | 85,8 | -180.000 |
| | - Месечни билети за градски линии | 5.627.000 | 5.937.000 | 6.238.000 | 11,8 | 105,1 | +301.000 |
| | - Месечни билети за сите линии | 2.167.000 | 2.286.000 | 2.548.000 | 4,8 | 111,5 | +262.000 |
| | - Колективни месечни билети | 1.980.000 | 1.896.000 | 1.712.000 | 3,2 | 90,3 | -184.000 |
| | - Фабрички (договорен превоз) | 5.000 | 2.000 | | | | -2.000 |
| | - Билети за деца без родители над 18 год. | | | 1.000 | 0,0 | | +1.000 |
| | - Годишни билети | 1.818.000 | 1.985.000 | 2.135.000 | 4,0 | 107,6 | +150.000 |
| **3.** | **Патници од договорен превоз** | **119.000** | **125.000** | **125.000** | **0,2** | **100,0** | **0** |
| | - Претпријатија | 71.000 | 69.000 | 79.000 | 0,1 | 114,5 | +10.000 |
| | - Групен превоз | 48.000 | 56.000 | 46.000 | 0,1 | 82,1 | -10.000 |
| **4.** | **Дополнителни билети** | **12.000** | **16.000** | **13.000** | **0,0** | **81,3** | **-3.000** |
| | **В К У П Н О** | **52.235.000** | **52.469.000** | **52.990.000** | **100,0** | **101,0** | **+521.000** |
| | **Просечно месечно превезени патници** | **4.352.917** | **4.372.417** | **4.415.833** | | **101,0** | |
| | **Патници со билети за Жичница** | **278.000** | **295.000** | **309.000** | | **104,8** | **+14.000** |

Во 2014 година во линискиот превоз ЈСП СКОПЈЕ превезе вкупно 52.990.000 патници и во споредба со минатата година бројот на превезените патници бележи зголемување за 521.000 патници или за 1,0%. Порастот на бројот на превезени патници се должи на:

1. Зголемениот број на корисници со претплатни билети за 333.000 патници или за 1%
   - Зголемен број на корисници на месечни билети за градски линии за 5,1% или за 301.000 патници ;
   - Зголемен број на корисници на месечни билети за сите линии за 11,5% или за 262.000 патници и
   - Зголемен број на корисници на годишни билети за 7,6% или за 150.000 патници.
2. Зголемениот број на патници со билети за поништување за 191.000 патници или за 1,1%
   - Зголемен број на корисници на билети за поништување на градски линии за 0,5% или за 79.000 патници и
   - Зголемен број на корисници на билети за поништување на приградски линии за 5,7%% или за 112.000 патници .

Граф.8


СТРУКТУРА НА ПРЕВЕЗЕНИ ПАТНИЦИ
( ЛИНИСКИ ПРЕВОЗ )
патн.со годишни прет. билети 4%
патн.со договорен превоз 0,2%
патн.со колективни прет. билети 3,2%
патн.со месечни претплатни билети 16,6%
патн.со билети за поништ.на градски линии 29,3%
патн.со претплатни билети за возрасни 0,4%
патн.со пензионерски претплатни билети 2,1%
патн.со билети за поништ.на приградски линии 3,9%
патн.со ученички, студентски претплатни билети 40,3%
Патн. со билети за поништување на градски линии
Патн. со билети за поништување на приградски линии
Патн. со ученички, студентски претплатни билети
Патн.со пензионерски претплатни билети
патн. со претплатни билети за возрасни
Патн.со месечни претплатни билети
Патн.со колективни претплатни билети
Фабрики претплатни билети
Патн.со годишни претплатни билети
Патници со договорен превоз

Граф.9


ПРЕВЕЗЕНИ ПАТНИЦИ ПО ГОДИНИ ( ВО 000 )
40.000
35.000
30.000
25.000
20.000
15.000
10.000
5.000
0
15.627
1.921
34.556
119
12
15.419
1.950
34.959
125
16
15.498
2.062
35.292
125
13
2012
2013
2014
патници со билети за поништување на градски линии
патници со билети за поништување на приградски линии
патници со претплатни билети
патници од договорен превоз

## 9.4 Количина на продадени билети

**КОЛИЧИНА НА ПРОДАДЕНИ ПРЕТПЛАТНИ БИЛЕТИ**

Таб.10

| Р. бр. | Е Л Е М Е Н Т И | 2012 | 2013 | 2014 | Стр.% | Индекс 2014/2013 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Ученички, студент.билети | 52.107 | 54.399 | 56.977 | 12,1 | 104,7 |
| 2 | Ученички (задолж. средно образов.) | 209.410 | 208.277 | 206.724 | 43,9 | 99,3 |
| 3 | Ученички, студент.билети (договор, тендер и др) | 24.543 | 27.169 | 23.700 | 5,0 | 87,2 |
| 4 | Билети за возрасни | 2.101 | 2.256 | 2.076 | 0,4 | 92,0 |
| 5 | Пензионерски билети | 16.576 | 13.361 | 11.460 | 2,4 | 85,8 |
| 6 | Месечни билети за градски линии | 68.629 | 72.398 | 76.074 | 16,1 | 105,1 |
| 7 | Месечни билети за сите линии | 26.427 | 27.878 | 31.078 | 6,6 | 111,5 |
| 8 | Колективни билети | 33.009 | 31.605 | 28.548 | 6,1 | 90,3 |
| 9 | Фабрички ( договорен превоз ) | 84 | 36 | | | |
| 10 | Билет за деца без родители над 18 години | | | 7 | 0,0 | |
| 11 | Годишни билети | 29.455 | 32.045 | 34.535 | 7,3 | 107,8 |
| **В к у п н о** | | **462.341** | **469.424** | **471.179** | **100,0** | **100,4** |
| **Просечно месечно продадени билети** | | **38.528** | **39.119** | **39.265** | | **100,4** |

Зголемувањето на количината на продадени претплатни билети за 0,4% или за 1.755 билети е резултат на порастот на количината на:

- Ученички и студентски билети за 4,7% или за 2.578 билети;
- Месечните билети за градски линии за 5,1% или за 3.676 билети ;
- Месечните билети за сите линии за 11,5% или за 3.200 билети и
- Годишните билети за 7,8% или за 2.490 билети.

Останати видови на претплатни билети бележат намалување.

**КОЛИЧИНА НА ПРОДАДЕНИ ЕДИНЕЧНИ БИЛЕТИ**

Таб.11

| Р. бр. | Е Л Е М Е Н Т И | 2012 | 2013 | 2014 | Стр.% | Индекс 2014/2013 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **1** | **Билети за поништ.-градски линии** | **9.370.653** | **8.810.797** | **8.653.850** | **82,7** | **98,2** |
| 1.1 | Билет за едно возење | 2.115.340 | 1.877.787 | 1.715.293 | 16,4 | 91,3 |
| 1.2 | Билет купен во возило | 6.369.060 | 6.009.132 | 5.984.600 | 57,2 | 99,6 |
| 1.3 | Билет за десет возења | 695.107 | 734.226 | 760.487 | 7,3 | 103,6 |
| 1.4 | Билет за едно возење ноќе | 191.146 | 189.652 | 193.470 | 1,8 | 102,0 |
| **2** | **Билети за поништ.-приградски линии** | **1.763.720** | **1.753.715** | **1.813.350** | **17,3** | **103,4** |
| 2.1 | Билет за едно возење на пригра.линии | 1.729.352 | 1.712.649 | 1.763.343 | 16,8 | 103,0 |
| 2.2 | Преоден билет на приградски линии | 19.018 | 21.724 | 25.226 | 0,2 | 116,1 |
| 2.3 | Билет за 10 возења на приград. линии | 15.350 | 19.342 | 24.781 | 0,2 | 128,1 |
| **В к у п н о** | | **11.134.373** | **10.564.512** | **10.467.200** | **100,0** | **99,1** |
| **Просечно месечно продадени билети** | | **927.864** | **880.376** | **872.267** | **8,33** | **99,1** |

Намалувањето на количината на продадени единечни билети за 0,9% или за 97.312 билети исклучиво се должи на намалената количина на продадени билетите за поништувачи на градски линии за 1,8% или за 156.947 билети.

Количината на продадени билети на приградски линии бележат пораст за 3% или за 59.635 билети.

## *9.5 Ремонтно сервисни активности*

Во 2014 година обемот на извршени ремонтно-сервисни активности бележи намалување во споредба со минатата година, што е резултат на значајно подобрената старосна структура на возниот парк.. Најголемо намалување од 42,1% забележано е во делот на генерални ремонти, потоа следат намалувањата во делот на полуремонти за 38,5% и сервисирање на менувачи за 33,8%. Пораст бележат сервисирањата на диференцијали за 17,9%.

### ОСТВАРЕН ОБЕМ НА РЕМОНТНО СЕРВИСНИ АКТИВНОСТИ

Таб.12

| Р. бр. | Е Л Е М Е Н Т И | 2008 | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 | 2014 | Индекс 14/13 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **1.** | **Ремонтни активности** | **105** | **157** | **223** | **177** | **79** | **32** | **19** | **59,4** |
| | - Генерален ремонт | 55 | 61 | 48 | 50 | 37 | 19 | 11 | 57,9 |
| | - Полуремонти | 50 | 96 | 175 | 127 | 42 | 13 | 8 | 61,5 |
| **2.** | **Менувачи** | **246** | **293** | **243** | **232** | **118** | **74** | **49** | **66,2** |
| **3.** | **Диференцијали** | **172** | **178** | **167** | **157** | **70** | **39** | **46** | **117,9** |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Инвентарна состојба просечно дневно** | **371** | **357** | **343** | **390** | **445** | **467** | **432** | **92,5** |
| **Исправни возила просечно дневно** | **275** | **259** | **261** | **280** | **309** | **334** | **329** | **98,5** |
| **Возила во работа просечно дневно** | **185** | **184** | **191** | **195** | **201** | **209** | **212** | **101,4** |

### РЕМОНТНО СЕРВИСНИ АКТИВНОСТИ ЗА 2014 ГОДИНА

Таб.13

| Месец | Автокоманда | | | | Ѓорче Петров | | | | ЈСП СКОПЈЕ | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Генер. ремонт | Полу-ремонт | Мену-вачи | Дифер. | Генер. ремонт | Полу-ремонт | Мену-вачи | Дифер. | Генер. ремонт | Полу-ремонт | Мену-вачи | Дифер. |
| I | | | 4 | 6 | | | 1 | | | | 5 | 6 |
| II | | | 3 | 4 | | | 2 | 2 | | | 5 | 6 |
| III | 1 | 1 | 4 | 3 | | | 2 | | 1 | 1 | 6 | 3 |
| IV | 1 | 2 | 6 | 3 | | | 1 | | 1 | 2 | 7 | 3 |
| V | | | 5 | 5 | | | 1 | | | | 6 | 5 |
| VI | 1 | 1 | 3 | 2 | | | | | 1 | 1 | 3 | 2 |
| VII | 1 | 1 | 3 | 4 | | | 1 | | 1 | 1 | 4 | 4 |
| VIII | 2 | 1 | 1 | 1 | | | 1 | 1 | 2 | 1 | 2 | 2 |
| IX | 1 | 1 | 3 | 6 | | | | 1 | 1 | 1 | 3 | 7 |
| X | 1 | | 3 | 1 | | | | | 1 | | 3 | 1 |
| XI | 2 | | 3 | 3 | | | | | 2 | | 3 | 3 |
| XII | 1 | 1 | 2 | 4 | | | | | 1 | 1 | 2 | 4 |
| **Вкупно** | **11** | **8** | **40** | **42** | **0** | **0** | **9** | **4** | **11** | **8** | **49** | **46** |

Граф.10




Граф.11




Граф.12



## 9.6 Сообраќајни незгоди

Во 2014 год. возилата на ЈСП учествувале во вкупно 309 сообраќајни незгоди, во кои 91 лице се повредени, додека нема загинати лица. Во споредба со минатата година бројот на сообраќајните незгоди е намален за 11% или за 38 незгоди. Најголем дел, 173 незгоди или 56% се предизвикани по вина на останатите учесници во сообраќајот, а за 67 или за 21,7% од сообраќајните незгоди не е утврдена вината.

За 69 незгоди или 22,3% од сообраќајните незгоди е утврдена вина на ЈСП. Бројот на сообраќајни незгоди предизвикани по вина на ЈСП во споредба со минатата година е намален за 14,8% или за 12 сообраќајни незгоди.

**СООБРАЌАЈНИ НЕЗГОДИ**

Таб.14

| Р.бр. | Сообраќајни незгоди | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 | 2014 | Индекс 14/13 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | По вина на ЈСП | 53 | 87 | 79 | 51 | 42 | 85 | 52 | 80 | 81 | 69 | 85,2 |
| 2. | По вина на останатите учесници | 178 | 167 | 150 | 161 | 132 | 132 | 166 | 156 | 156 | 173 | 110,9 |
| 3. | Не е утврдена вината | 61 | 74 | 36 | 41 | 47 | 28 | 29 | 52 | 110 | 67 | 60,9 |
| **ВКУПНО** | | **292** | **328** | **265** | **253** | **221** | **245** | **247** | **288** | **347** | **309** | **89,0** |
| Просечно дневно сообраќајни незгоди | | 0,80 | 0,90 | 0,73 | 0,69 | 0,61 | 0,67 | 0,68 | 0,79 | 0,95 | 0,85 | 89,5 |
| Сообраќајни незгоди по возила во работа | | 1,45 | 1,70 | 1,44 | 1,24 | 1,20 | 1,28 | 1.27 | 1,43 | 1,66 | 1,46 | 88,0 |
| Повредени | | 25 | 20 | 28 | 24 | 38 | 44 | 41 | 50 | 31 | 91 | 293,5 |
| Загинати | | | 1 | 2 | 1 | | 3 | 1 | 3 | | | |

**СООБРАЌАЈНИ НЕЗГОДИ ВО 2014 ГОДИНА**

Таб.15

| Месец | По вина на ЈСП | | По вина на останатите учесници | | Не е утврдена вината | | Вкупно | | Повре-дени | Заги-нати |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Со потешки послед. | Со мала материјална штета | Со потешки послед. | Со мала материјална штета | Со потешки послед. | Со мала материјална штета | Со потешки послед. | Со мала материјална штета | | |
| I | 1 | 1 | 2 | 12 | 1 | 2 | 4 | 15 | 11 | 3 |
| II | 1 | 5 | 1 | 13 | 1 | 2 | 3 | 20 | 6 | 1 |
| III | 1 | 8 | 2 | 24 | 1 | 2 | 4 | 34 | 3 | |
| IV | 2 | 4 | 4 | 10 | 5 | 2 | 11 | 16 | 2 | |
| V | 1 | 3 | 3 | 10 | 5 | 6 | 9 | 19 | 4 | |
| VI | 2 | 3 | 2 | 7 | 1 | 1 | 5 | 11 | 2 | |
| VII | 3 | 3 | | 13 | 3 | 1 | 6 | 17 | 7 | |
| VIII | 1 | 4 | 2 | 12 | 4 | 1 | 7 | 17 | 4 | |
| IX | 4 | 3 | 2 | 13 | 5 | 6 | 11 | 22 | 23 | |
| X | | | 2 | 16 | 2 | 6 | 4 | 22 | 13 | |
| XI | 1 | 4 | | 12 | 1 | 2 | 2 | 18 | 5 | |
| XII | 1 | 13 | | 11 | 2 | 5 | 3 | 29 | 11 | |
| **Вкупно** | **18** | **51** | **20** | **153** | **31** | **36** | **69** | **240** | **91** | **4** |

Во 2014 год. бројот на сообраќајни незгоди со потешки последици е 69 или 22,3% од незгодите, додека 240 незгоди или 77,3% од сообраќајни незгоди се со причинета мала материјална штета.

## 9.7 Инциденти

Во текот на 2014 година во автобусите на ЈСП се случиле вкупно 66 инциденти и во споредба со минатата година бројот на инциденти е намален за 60% или за 99 инциденти.

Намалувањето на бројот на инциденти се должи на намалувањето на оштетувањата на возилата за 73,4%, физичките пресметки во возилата за 59,4%, и заканите врз возачите за 25%.

Пораст бележат физичките напади врз возачи за 12,5%.

**ИНЦИДЕНТИ ПО МЕСЕЦИ ВО 2014 ГОДИНА**

Таб.16

| Месец | Физички напади врз возачи | Физички пресметки во автобус | Оштетување на автобусот | Закани врз возачи | Проблеми |
|---|---|---|---|---|---|
